**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „УЧЕБНИК ПО СООБРАЌАЈ ВО ТУРИЗМОТ” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ЦАНЕ КОТЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА - ГЕВГЕЛИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2102-59/6 од 164. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија одржана на 24.1.2017 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Никола В. Димитров, вонреден професор на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика;
- д-р Златко Јаковлев, вонреден професор на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика.

За изготувување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„УЧЕБНИК ПО СООБРАЌАЈ ВО ТУРИЗМОТ**” од **Цане Котески, вон. проф. д-р,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Учебник по сообраќај во туризмот“, од предметот Сообраќај во туризмот, се изучува на прв циклус, прв и четврти семестар, прва и втора година на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија, предметот е задолжителен на насоката Туризам и со неделен фонд на часови од 2+2+1, и изборен на насоката ГИД (Гастрономија, исхрана и диететика) со неделен фонд на часови од 2+1+1.

Приложениот ракопис е во согласност со Наставната програма за насоката Туризам и ја опфаќа наставната материја за студиската програма Туризам и ГИД (Гастрономија, исхрана и диететика) на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија.

**Податоци за обемот на ракописот:** ракописот е напишан на 320 страници. Бројот на прилози во учебникот на слики изнесува 206, 46 карти, 52 табели, 9 дијаграми и 3 графикони, учебникот е напишан на стандарден македонски јазик во А4 формат, нормален проред, фонт Ariel, македонска поддршка и големина на буквите 11.

Се состои од седум глави, при што секоја глава е во согласност со наставната програма по предметот Сообраќај во туризмот, обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, но и за сите студенти од останати факултети на кои се изучува предметот Сообраќај во туризмот.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** досега во нашата земја не е објавен ваков ракопис „Учебник по Сообраќај во туризмот“, за полесно изведување на часовите по настава и за полесно подготвување на материјалот за испит од страна на студентите, постои потреба за објавување на поднесениот ракопис.

**Краток опис на содржината:** Ракописот започнува со *Вовед* во кој е даден краток осврт на значењето на сообраќајот во туризмот, посочена е предвидената основна и дополнителна литература, како и преглед на содржините кои се обработени во рамките на учебникот.

***Во првата глава е опфатен материјалот за:*** материјалот за историските услови и појавата на сообраќајот како самостојна дејност, туристичкиот сообраќај – превозот и транспортот, концептот на сообраќајните системи, сообраќајните средства, предметот

на сообраќајот, сообраќајниот процес, пат, сообраќајната инфраструктура, побарувачка, капацитет на превозните средства, сообраќајната инфраструктура, сообраќајното влијание, сообраќајната политика и сообраќајот како стопанска дејност.

***Во втората глава се разгледува*:** меѓусебната зависност на сообраќајот и туризмот, разгледани се и позитивните аспекти, ефектот на синергија, меѓусебните ограничувања, комплексните системи во однос на меѓусебната зависност, туризмот како систем, сообраќајот како потсостав на туризмот, управување со системите на туризмот и сообраќајот, сообраќајната и туристичка политика и сообраќајот и туризмот во глобализациските процеси.

***Третата глава е посветена на:*** сообраќајот во поврзувањето на емитивните и рецептивните подрачја, немоторизираниот транспорт и туризмот: студија: велосипеден туризам – вовед, les lumsdon i rodney tolley, велосипедски туризам, турист – велосипедист, инфраструктура за велосипедски туризам, туристичкиот сообраќај како атракција, појава и историски развој на велосипедот, појава на велосипедскиот туризам, карактеристики на велосипедскиот туризам, пазар на велосипедскиот туризам, велосипедски тури, Барселона како велосипедска тура, белградски велосипедски патеки, профил на велосипедскиот корисник, ефекти од велосипедскиот туризам, eurovelo – европска велосипедска мрежа, велосипедски сообраќај во европа со посебен осврт на (Холандија и Германија) и балканскиот регион, видови на велосипедизам, градски велосипедизам, рекреативен велосипедизам, велосипедски туризам, организирани трки, планински велосипедизам, тркање, воени, активизам, здруженија, велосипедски дисциплини, здравствени резултати, вежбање, безбедност, физичка употреба, преголема употреба, изложеност на загадување на воздухот, велосипедски туризам во Република Македонија, велосипедски патеки во Република Македонија, велосипедски патеки по градови и региони, планински велосипедски во Република Македонија, планински пешачки патеки во Република Македонија, велосипедски тури, велосипедски натпревари, велосипедски клубови во Република Македонија, превозот во патниот, железничкиот, воздушниот, поморскиот, речно-езерскиот-каналскиот, телекомуникацискиот, поштенскиот сообраќај и туризмот, нивната инфраструктура, видовите на линии во сите видови на сообраќај и застапеноста на сите видови на сообраќај и инфраструктура во нашата земја.

***Во четвртата глава е опфатен материјалот за:*** сообраќајот како самостоен и доминантен дел на туристичкиот производ, при што се обработени патниот сообраќај, автобуските повеќедневни екскурзии, панорамскиот превоз со автобуси, специјалните патни возила во туристичките дестинации, локалните туристички линии, изнајмувањето на патните возила во туристичките дестинации, историскиот развој и организацијата на такси услугите, железничкиот сообраќај, туристички и панорамски превоз со железницата, скијачки и планинарски, градски и панорамски сообраќај со лифтови и жичарници, воздушниот сообраќај во поврзување на изворот со дестинациите на туристичката побарувачка, панорамските летови, услуги на воздушниот сообраќај на туристите со посебни барања. Во оваа глава се обработени и поморски крстарења, кружните туристички патувања и екскурзиите со бродови, панорамскиот превоз, наутичкиот туризам, овде е обработен и речно-езерско-каналскиот сообраќај, туристичките кружни патувања, екскурзии и панорамскиот превоз.

***Во петтата глава се обработуваат:*** сообраќајот и неговата улога во снабдувањето на туристичките дестинации – логистиката во туризмот, поимот и целта на логистиката, претпоставки на логистичкиот концепт на туристичките дестинации, квантитативните и квалитативните промени во потрошувачката на стоки во туристичките дестинации во текот на туристичката сезона, логистичкиот концепт во туристичките дестинации, макрологистичкиот концепт во туристичките дестинации и претпријатија, магацини и магацинско работење во функција на туристичката побарувачка, магацини во угостителската и трговската дејност, оптимизација на набавки и снабдување со стока за широка потрошувачка во туристичките дестинации.

***Во шестата глава се обработува материјалот за:*** економиката и експлоатацијата на сообраќајните средства и сообраќајната инфраструктура, детерминанти на квалитетот на сообраќајните услуги во областа на туризмот, основата на утврдување на вредноста на

сообраќајните услуги, трошоците и видовите трошоци, фиксни и варијабилни трошоци во сообраќајот, формирање на цена (возарини) во сообраќајот, специфичности на трошоците и возарините во одделни сообраќајни гранки во патниот, железничкиот, воздушниот, поморскиот, речно-езерско-каналскиот сообраќај, товарни возарини, меѓусебната зависност на капацитетите и побарувачката, поим и видови на осцилации, димензионирање (големина) на капацитетите за максимална и просечна побарувачка, за остварување на највисок профит, принципот на постојано потполнети капацитети, методи за ублажување на цикличните флуктуации, осцилации на сообраќајната побарувачка, сообраќајните средства во мирување, причини за мирување и последици од мирување на сообраќајните средства и решавање на мирувањето на патните возила во градовите

***Во седмата глава се разгледува:*** материјалот поврзан со сообраќајот и заштитата на животната средина, детерминантите и одредниците на развојот на сообраќајот во туризмот, безбедноста во сообраќајот, влијанието на сообраќајните средства и на сообраќајната инфраструктура на безбедноста во сообраќајот, влијанието на човекот и други фактори на безбедноста во сообраќајот, безбедност во сообраќајот од туристичка гледна точка, сообраќајот и екологијата, меѓусебната зависност на сообраќајот и природните ресурси, емисијата на штетни гасови и материи, бучавата и деградацијата на просторот, економските последици од загадувањето на животната средина предизвикани од сообраќајот, политиката за заштита на животната средина од загадување предизвикана од сообраќајот, парцијални мерки, сеопфатни мерки, концепт на одржливиот развој на сообраќајот и туризмот во врска со животната средина и законот.

## ЗАКЛУЧОК

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање учебник според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логисттика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „Учебник по Сообраќај во туризмот“ од авторот вон. проф. д-р Цане Котески да биде издаден како *учебник*.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Никола В. Димитров, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Златко Јаковлев, вонреден професор, с.р.**